Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 8, а во врска со член 29 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 236/22), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 ноември 2023 година донесе

# ТАРИФЕН СИСТЕМ
# ЗА ПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ КОИ ГИ СНАБДУВА УНИВЕРЗАЛНИОТ СНАБДУВАЧ И СНАБДУВАЧОТ ВО КРАЕН СЛУЧАЈ

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој тарифен систем се уредуваат елементите за пресметка на продажните цени за електрична енергија од страна на универзалниот снабдувач, начинот на пресметка на продажната цена за електричната енергија на потрошувачите коишто ги снабдува снабдувачот во краен случај, како и начинот на фактурирање на надоместоците за користење на преносниот и дистрибутивниот систем за потрошувачите снабдувани од универзалниот снабдувач, утврдени во согласност со соодветниот Тарифен систем за дистрибуција на електрична енергија.

### Член 2

Овој тарифен систем има за цел да поттикне рационално и ефикасно користење на електричната енергија, да обезбеди покривање на трошоците за набавка на електрична енергија, пренесените трошоци и маржата за универзалниот снабдувач.

### Член 3

Во смисла на овој тарифен систем како потрошувачи се сметаат категориите мали потрошувачи и домаќинства дефинирани во Законот за енергетика* коишто се снабдуваат од универзалниот снабдувач, а како големи потрошувачи се сметаат потрошувачите коишто не ги исполнуваат критериумите за мал потрошувач утврдени во Законот за енергетика* и коишто се снабдуваат од снабдувачот во краен случај.

## II ЕЛЕМЕНТИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА УНИВЕРЗАЛЕН СНАБДУВАЧ

### Член 4

(1) Во категоријата „домаќинства“ е опфатена и потрошувачката на електричната енергија што ја користат потрошувачите во едностанбени и повеќестанбени објекти или делови од објекти наменети за домување, како и во помошните објекти на едностанбените објекти што служат за потребите на домаќинствата, а не се наменети за вршење на стопанска дејност, вклучително и потрошувачката на електрична енергија наменета за:

1) напојување на заедничките уреди, опрема и инсталации во повеќестанбените објекти и тоа: лифтови, котларници и топлотни станици за централно затоплување, хидрофори, противпожарни и уреди за откривање и јавување на пожар, заеднички антени, безбедносно осветлување и слични уреди коишто користат електрична енергија, а се наменети за заеднички потреби, како и
2) осветление на скали, влезни ветробрани, ходници, простории за велосипеди, пералници, сушилници, заеднички подруми, засолништа, тавани, станови и работилници за домарите, стан за домарот, простории за одложување на отпадоци и други простории наменети за заедничко користење на сопствениците на становите во повеќестанбените објекти како и
3) енергетски ефикасни системи кои истовремено обезбедуваат греење, ладење, вентилација и санитарна топла вода во повеќестанбени објекти при што потрошувачката на електричната енергија за тие системи се регистрира на едно заедничко броило.

(2) Покрај потрошувачите од ставот (1) во категоријата „домаќинства“ се сметаат и потрошувачите на електрична енергија која ја користат и:

1) станбени објекти за посебни намени наменети за времено сместување на лица во социјален ризик во согласност со прописите за социјална заштита, како и објекти за сместување на самци,
2) ученички, студентски, работнички, воспитни и пензионерски домови, како и домови за згрижување на стари и изнемоштени лица и домови за инвалиди и терапевтски групи,
3) детски јасли, градинки, интернати и домови за згрижување на деца,
4) народни кујни,
5) еднострабени објекти во кои се врши угостителска дејност сместување на туристи,
6) хидрофори кои се користат за снабдување на домаќинства со вода за пиење и
7) потрошувачка во верски објекти во кои не се врши стопанска дејност.

**Член 5**

Во категоријата на мали потрошувачи на електрична енергија се опфатени потрошувачи кои не се домаќинства во смисла на овој тарифен систем.

**Член 6**

(1) Според времето на испорака на електрична енергија во текот на денот се разликуваат период на „високи оптоварувања“ (во натамошниот текст: ВТ) и период на „ниски оптоварувања“ (во натамошниот текст: НТ).

(2) Периодот на ВТ за категоријата домаќинства е од 07:00 до 13:00 часот и од 15:00 до 22:00 часот во текот на целата година.

(3) Периодот за ВТ за категоријата мали потрошувачи е од 07:00 до 22:00 часот во текот на целата година.

(4) По исклучок на ставот (2) и (3) на овој член, за мерните места за кои не постои техничка можност за автоматска промена на летно и зимско сметање на времето во мерните уреди, периодот на ВТ во време на летно сметање на времето е од 08:00 до 14:00 часот и од 16:00 до 23:00 часот за категоријата домаќинства, односно од 08:00 до 23:00 часот за малите потрошувачи.

(5) Периодот на НТ во текот на еден ден, е времето што не е опфатено со периодот на ВТ утврдени во ставовите (2), (3) и (4) на овој член, вклучувајќи го и периодот од 00:00 до 24:00 часот во недела.

**Член 7**

(1) Пресметковни  елементи за коишто се определуваат продажни цени за испорачаната електрична енергија на потрошувачите е потрошената електрична енергија во ВТ и НТ изразена во kWh.

(2) За домаќинствата потрошената електрична енергија во ВТ се дели на два или повеќе блока со што се дефинираат два или повеќе пресметковни елементи за потрошената електрична енергија во ВТ.

**Член 8**

(1) За пресметковните елементи од членот 7 на овој тарифен систем се определуваат цени врз основа на:

1) просечната цена за електрична енергија на универзалниот снабдувач, пресметана согласно методологијата утврдена во Прилог 2 што е составен дел на овој тарифен систем,
2) коефициентите од Прилогот 1 што е составен дел на овој тарифен систем.

(2) Надоместокот што потрошувачите треба да го платат за потрошената електрична енергија се пресметува за месечниот пресметковен период како производ од испорачаната електрична енергија и продажната цена за електрична енергија, изразена во денари/kWh.

(3) За домаќинствата надоместокот за потрошената електрична енергија во ВТ се пресметува на следниот начин:

1) за потрошената електрична енергија во ВТ во првиот блок надоместокот се пресметува како:
   - производ од продажната цена и вкупната потрошувачка во ВТ ако потрошувачката во ВТ е помала или еднаква на горната граница за првиот блок или
   - производ од продажната цена и горната граница за првиот блок, ако потрошувачката во ВТ е поголема од горната граница за првиот блок,
2) за потрошената енергија во секој следен блок надоместокот се пресметува како:

- производ од продажната цена на тој блок и разликата помеѓу вкупната потрошувачка во ВТ и горната граница на претходниот блок ако вкупната потрошувачка е помала или еднаква на горната граница за тековниот блок или
- производ помеѓу продажната цена за тој блок и разликата помеѓу горната граница на тој блок и горната граница на претходниот блок ако вкупната потрошувачка во ВТ е поголема од горната граница за тековниот блок.

(4) По исклучок од став 3 на овој член кај домаќинствата кои имаат потрошувачка која се однесува на напојување на заедничките уреди, опрема и инсталации во повеќестанбените објекти и тоа: лифтови, котларници и топлотни станици за централно затоплување, хидрофори, противпожарни и уреди за откривање и јавување на пожар, заеднички антени, безбедносно осветлување и слични уреди коишто користат електрична енергија, а се наменети за заеднички потреби, како и хидрофори кои се користат за снабдување на домаќинства со вода за пиење, осветление на скали, влезни ветробрани, ходници, простории за велосипеди, пералници, сушилници, заеднички подруми, засолништа, тавани, станови и работилници за домарите, стан за домарот, простории за одложување на отпадоци и други простории наменети за заедничко користење на сопствениците на становите во повеќестанбените објекти, хидрофори кои се користат за снабдување на домаќинства со вода за пиење, кај енергетски ефикасни системи кои истовремено обезбедуваат греење, ладење, вентилација и санитарна топла вода во повеќестанбени објекти при што потрошувачката на електричната енергија за тие системи се регистрира на едно заедничко броило, надоместокот за потрошената електрична енергија во ВТ се пресметува како:

- производ од продажната цена за третиот блок и вкупната потрошувачка во ВТ.

**Член 9**

(1) Универзалниот снабдувач во име и за сметка на операторот на дистрибутивниот систем (во натамошниот текст: ОДС), од потрошувачите приклучени на дистрибутивниот систем ги наплатува и надоместоците за користење на преносниот и дистрибутивниот систем, врз основа на соодветниот тарифен систем за дистрибуција на електрична енергија.

(2) За потрошувачите приклучени на преносниот систем надоместоците од ставот (1) се пресметуваат и наплаќаат од операторот на преносниот систем, врз основа на соодветниот тарифен систем за пренос на електрична енергија.

**Член 10**

(1) Вкупниот надоместок за испорачаната електрична енергија што потрошувачите го плаќаат на универзалниот снабдувач претставува збир на надоместоците за електрична енергија и надоместоците за пренос и дистрибуција на електрична енергија.

(2) Универзалниот снабдувач за секој потрошувач треба да издаде фактура за испорачана електрична енергија што се состои од следниве делови:
   1) надоместок за испорачана електрична енергија во кој ќе бидат наведени сите пресметковни елементи и соодветните продажни цени,
   2) надоместоци за користење на преносната и дистрибутивната мрежа пресметани според одредбите од соодветните тарифни системи за пренос и дистрибуција на електрична енергија, со сите пресметковни елементи и соодветни тарифи за категоријата на приклучок на потрошувачот и
   3) задолжителни елементи пропишани со закон (даноци, комунална такса и др.).

(3) За потрошувачите што преземаат електрична енергија од повеќе приклучни места, делот од фактурата што се однесува на потрошената електрична енергија се пресметува врз основа на збирот на електричната енергија по одделни пресметковни елементи, додека делот од сметката за надоместоците за користење на преносната и дистрибутивната мрежа се прикажува во согласност со Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија.

(4) Ако преку едно мерно место се мери испорачана електрична енергија и за домаќинства и за мали потрошувачи, надоместоците за испорачана електрична енергија се пресметуваат според продажните цени за пресметковни елементи за електрична енергија за малите потрошувачи.

(5) Периодот за којшто се пресметуваат надоместоците (пресметковен период) по правило е 30 дена при што универзалниот снабдувач е должен да издаде најмалку 12 фактури во текот на една календарска година.
(6) Граничните вредности на блоковите од членот 7 став (2) на овој тарифен систем, се однесуваат на потрошувачка во ВТ за период од 30 дена и поради тоа треба да бидат деливи со бројот 30.
(7) Во случаите кога фактурата од ставот (2) на овој член се однесува на период различен од 30 дена, граничните вредности на блоковите се зголемуваат или намалуваат пропорционално на бројот на денови во пресметковниот период.
(8) Во случаите кога фактурата од ставот (2) на овој член се однесува на пресметковен период во којшто има промена на продажните цени и тарифи, потрошената електрична енергија се распределува по блокови имајќи ја предвид распределбата на просечната потрошувачка на електрична енергија по блокови во изминатите три пресметковни периоди.

**Член 11**

Со цел универзалниот снабдувач да ги исполни обврските од членовите 9 и 10 на овој тарифен систем, универзалниот снабдувач и ОДС треба да потпишат договор за размена на информациите неопходни за изготвување на фактурите од членот 10 на овој тарифен систем.

**Член 12**

(1) Граничните вредности на блоковите од членот 7 став (2) на овој тарифен систем, како и коефициентите од Прилог 1 на овој тарифен систем, се определуваат врз основа на профилот на потрошувачката од сите потрошувачи и истите треба да обезбедат универзалниот снабдувач да го оствари регулираниот максимален приход определен во согласност со овој тарифен систем.
(2) Корисникот на енергетски ефикасен систем од член 4 став (1) точка 3) од овој тарифен систем поднесува барање до универзалниот снабдувач за примена на член 8 став (4) од овој тарифен систем.
(3) Универзалниот снабдувач го известува корисникот од став (2) на овој член по однос на поднесеното барање најдоцна во рок од 15 дена од денот на поднесувањето.
(4) Регулаторната комисија за енергетика најмалку еднаш годишно со одлука ги определува бројот на блокови за домаќинства во ВТ, граничните вредности на блоковите, имајќи го предвид профилот на потрошувачката во последните 12 месеци.
(5) Универзалниот снабдувач најмалку еднаш годишно со одлука ги формира продажните цени за електрична енергија врз основа на метод на регулираниот максимален приход утврден во Прилогот 2 што е составен дел на овој тарифен систем.

## ФОРМИРАЊЕ НА ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И СЛЕДЕЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА ТАРИФНИОТ СИСТЕМ

**Член 13**

(1) Универзалниот снабдувач до Регулаторната комисија за енергетика доставува податоци и документи врз основа на кои ги формира продажните цени за електрична енергија.
(2) Универзалниот снабдувач е должен податоците и документите од ставот (1) на овој член да ги достави најдоцна до 30 септември во тековната година по претходно добиена согласност од органот на управување.
(3) Универзалниот снабдувач ги доставува, во печатена и електронска форма, следните документи и податоци:
   1) финансиски извештаи за претходната година, со сите прилози во согласност со барањата на меѓународните сметководствени стандарди, ревидирани од страна на овластен ревизор,
   2) бруто биланс за претходната година,
   3) финансиско-сметководствени информации,
   4) податоци за набавена електрична енергија, како и податоци за планирана набавка на електрична енергија,

5) податоци за бројот на домаќинства и мали потрошувачи вклучувајќи и ја нивната потрошувачка во последните 12 месеци и
6) изјава за веродостојност на податоците, потпишана од одговорното лице овластено за претставување и застапување на универзалниот снабдувач, која е дадена во Прилогот 3 што е составен дел на овој тарифен систем.

(4) Регулаторната комисија за енергетика може да побара од универзалниот снабдувач да достави и други податоци што се однесуваат на работењето на универзалниот снабдувач.
(5) Податоците од ставот (3) точки 3), 4), 5) и 6) на овој член се доставуваат во електронска форма во формат што овозможува обработка од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

**Член 14**

(1) Универзалниот снабдувач изготвува предлог одлука со образложение за начинот на формирање на продажните цени вклучително и податоците врз основа на кои е направена пресметката, која ја објавува на својата веб страница и ја доставува до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 5 декември во тековната година за наредната година за којашто ги формира продажните цени.
(2) Рокот на прибирање на мислењата и предлозите од заинтересираните правни и физички лица во однос на предлог одлуката од ставот (1) на овој член, не може да биде подолг од пет дена од денот на објавувањето.
(3) Добиените мислења и предлози од ставот (2), универзалниот снабдувач ги објавува на својата веб страница и ги доставува до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна во рок од два дена од денот на добивањето.
(4) Ако врз основа на добиените мислења и предлози од ставот (2) на овој член универзалниот снабдувач ја измени предлог одлуката од став (1) на овој член, истата веднаш ја доставува до Регулаторната комисија за енергетика.
(5) Универзалниот снабдувач донесува одлука за формирање на продажни цени за електрична енергија најдоцна до 15 декември и ја доставува до Регулаторната комисија за енергетика.
(6) Ако Регулаторната комисија за енергетика утврди дека со одлуката од став (5) на овој член не е применет овој тарифен систем, најдоцна до 20 декември донесува одлука со која го обврзува универзалниот снабдувач да донесе нова одлука за продажни цени усогласени со тарифниот систем.
(7) Одлуката од ставот (5), односно новата одлука од ставот (6) на овој член, се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на универзалниот снабдувач, а отпочнува да се применува од 1 јануари следната година.

## ПОСТАПКА ЗА ПРОМЕНА НА ПРОДАЖНИ ЦЕНИ

**Член 15**

(1) Ако во текот на годината за која се применува одлуката од членот 14 став (7) на овој тарифен систем, трошоците за набавка на електрична енергија се зголемиле за повеќе од 5% во однос на трошоците вградени во продажните цени, а како последица на околности кои не можеле да се предвидат во времето на носењето на одлуката, универзалниот снабдувач може да ја измени одлуката за продажните цени за електрична енергија со доставување на известување до Регулаторна комисија за енергетика.
(2) Ако во текот на годината за која што се однесува одлуката од членот 14 став (7) на овој тарифен систем, трошоците за набавка на електрична енергија се намалиле за повеќе од 5% во однос на одобрените, како последица на околности кои не можеле да се предвидат во времето на носењето на одлуката, универзалниот снабдувач е должен да ја измени одлуката за продажните цени за електрична енергија со доставување на известување до Регулаторна комисија за енергетика.
(3) Доколку универзалниот снабдувач не постапи во согласност со ставот (2) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика донесува решение со кое го задолжува универзалниот снабдувач да отпочне постапка за намалување на продажните цени за електрична енергија и го доставува до универзалниот снабдувач.

(4) Во решението од став (3) на овој член се определуваат роковите за преземање на поодделните дејствија во постапката, како и потребната документација којашто треба да ја достави универзалниот снабдувач.
(5) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член, универзалниот снабдувач ги доставува документите и информациите пропишани во членот 13 став (3) од овој тарифен систем.
(6) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член се применува постапката од член 14 на овој тарифен систем.
(7) Универзалниот снабдувач донесува одлука во согласност со ставовите (1), (2) и (3) на овој член, во рок којшто не може да биде подолг од 30 дена од денот на доставување на известувањето од ставовите (1) и (2), односно од денот на приемот на решението од ставот (3) на овој член.

## III СНАБДУВАЧ ВО КРАЕН СЛУЧАЈ

### Член 16

(1) Снабдувачот во краен случај е должен да врши снабдување на големите потрошувачи кои останале без снабдувач со електрична енергија, по цени утврдени согласно Прилогот 4 што е составен дел од овој тарифен систем, во случај кога:
1) претходниот снабдувач прекинал со исполнувањето на своите обврски за снабдување во рамки на постојните договори за снабдување со електрична енергија,
2) е поведена стечајна постапка на претходниот снабдувач со лично управување или по барање на доверител, како и ликвидација,
3) лиценцата на претходниот снабдувач е суспендирана, трајно одземена или престанала да важи, и
4) потрошувачите не склучиле нов договор за снабдување со електрична енергија по престанувањето или истекувањето на постојниот договор за снабдување.

## IV ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 17

(1) Членот 6 ставовите (2) и (4) од овој тарифен систем ќе се применуваат од 1 декември 2023 година.
(2) Членот 8 ставот (4) од овој тарифен систем ќе се применува од 1 декември 2023 година.
(3) Универзалниот снабдувач ги доставува до Регулаторната комисија за енергетика податоците и документите од ставот (1) на член 13 од овој тарифен систем врз основа на кои ги формира продажните цени за електрична енергија за 2024 година најдоцна до 30 ноември 2023 година.
(4) Универзалниот снабдувач донесува одлука за формирање на продажни цени за електрична енергија за 2024 година најдоцна до 25 декември 2023 година.
(5) Ако Регулаторната комисија за енергетика утврди дека со одлуката од став (4) на овој член не е применет овој тарифен систем, најдоцна до 29 декември 2023 година донесува одлука со која го обврзува универзалниот снабдувач да донесе нова одлука за продажни цени усогласени со тарифниот систем.
(6) Новиот универзален снабдувач до Регулаторната комисија за енергетика ги доставува податоците и документите врз основа на кои за прв пат ги формира продажните цени за електрична енергија најдоцна до 15 мај 2024 година при што соодветно се применуваат членовите (13) и (14) од овој тарифен систем.

### Член 18

Со денот на влегување во сила на овој тарифен систем престанува да важи Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 146/22, 211/22 и 258/22) и Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 155/23).

**Член 19**

Овој тарифен систем влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“,.

**Бр. 01-2437/1**
**17 ноември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

## ПРИЛОГ 1

### Коефициенти за определување на цените по пресметковни елементи

Коефициентите за определување на цените по пресметковни елементи ги утврдува универзалниот снабдувач.

### 1. Мали потрошувачи

| Пресметковен елемент (kWh) | Коефициент$_{ПЕ}$ |
|---|---|
| Потрошена електрична енергија во НТ | $МП_{НТ}$ |
| Потрошена електрична енергија во ВТ | $МП_{ВТ}$ |

### 2. Домаќинства

| Пресметковен елемент (kWh) | Горна граница на блокот (kWh) | Коефициент$_{ПЕ}$ |
|---|---|---|
| Потрошена електрична енергија во НТ | нема | $Дом_{НТ}$ |
| Потрошена електрична енергија во ВТ во блокот 1 | $Блок_1$ | $Дом_{ВТ1}$ |
| Потрошена електрична енергија во ВТ во блокот 2 | $Блок_2$ | $Дом_{ВТ2}$ |
| …. | | |
| Потрошена електрична енергија во ВТ во блокот *n* | $\infty$ | $Дом_{ВТn}$ |

### Пресметка на цени за пресметковните елементи

Цената за секој пресметковен елемент се пресметува според следнава формула:

$$Цена_{ПЕ} = Коефициент_{ПЕ} \cdot Цена_{УС}$$

каде што $Цена_{УС}$ е просечната цена (изразена во MKD/kWh) по која универзалниот снабдувач ја продава електричната енергија на своите потрошувачи, а се пресметува во согласност со методологијата од Прилогот 2.

Надоместокот за потрошена електрична енергија (изразен во MKD) за малите потрошувачи се пресметува според следната формула:

$$Надоместок_{МП} = Цена_{МПНТ} \cdot Енергија_{НТ} + Цена_{МПВТ} \cdot Енергија_{ВТ}$$

Надоместокот за потрошена електрична енергија (изразен во MKD) за домаќинствата се пресметува според следната формула:

$$Надоместок_{Дом} = Цена_{ДомНТ} \cdot Енергија_{НТ} + \sum_{i=1}^{n} Цена_{ДомВТi} \cdot Енергија_{ВТi}$$

каде што

$Цена_{ДомВТi}$ е цена за домаќинствата во блокот *i* во ВТ, а $Енергија_{ВТi}$ потрошената електрична енергија во блокот *i*.

Пресметката на потрошувачката во блоковите од ВТ за домаќинствата се пресметува според следниве формули:

$$Енергија_{ВТ1} = \begin{cases} Енергија_{ВТ}, Енергија_{ВТ} \leq Блок_1 \\ Блок_1, Енергија_{ВТ} > Блок_1 \end{cases}$$

$$\text{Енергија}_{\text{BT}i} = \begin{cases} \text{Енергија}_{\text{BT}} - \sum_{\text{j=i+1}}^{\text{n}} \text{Енергија}_{\text{BTj}}\,, \text{Блок}_{i-1} < \text{Енергија}_{\text{BT}} \leq \text{Блок}_i \\ \text{Блок}_i, \text{Енергија}_{\text{BT}} > \text{Блок}_i \end{cases}, i = 2, \cdots n$$

каде што $\text{Енергија}_{\text{BT}} = \sum_{j=1}^{n} \text{Енергија}_{\text{BT}j}$ е потрошувачка во ВТ, а *n* е бројот на блокови.

## ПРИЛОГ 2

### 1. Регулиран максимален приход

Регулираниот максимален приход (MAR) што универзалниот снабдувач треба да го оствари за соодветната година се пресметува со примена на следната формула:

$$MAR_t = E_t + MO_t + M_t - K_t$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| $MAR_t$ | - | регулиран максимален приход на универзалниот снабдувач за годината t, (MKD) |
| $E_t$ | - | трошок за набавка на електрична енергија *t*, (MKD) |
| $MO_t$ | - | трошок за организирање и управување со пазарот на електрична енергија во годината *t*, (MKD) |
| $M_t$ | - | маржа на универзалниот снабдувач во годината *t*, (MKD) |
| $K_t$ | - | фактор на корекција за годината *t*, (MKD) |

### 2. Трошоците за набавка на електрична енергија

Вкупниот трошок за набавка на електрична енергија за потребите на универзалниот снабдувач во годината *t*, се пресметува со примена на следната формула:

$$E_t = E_t^T + E_t^B$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| $E_t$ | - | вкупен трошок за набавка електрична енергија во годината t, (MKD) |
| $E_t^T$ | - | трошок за набавка на електрична енергија *t*, (MKD). |
| $E_t^B$ | - | трошок за покривање на отстапувањата во однос на планираната и реализираната потрошувачка на електрична енергија во годината *t*, (MKD) |

### 3. Маржа

Маржата на универзалниот снабдувач во годината t, се пресметува со примена на следната формула:

$$M_t = \frac{m}{100} \cdot (E_t + TNU_t + DNU_t + MO_t)$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| $M_t$ | - | маржа на универзалниот снабдувач во годината *t*, (MKD) |
| $m$ | - | процент за пресметка на маржата утврден преку тендерска постапка за избор на универзален снабдувач, (%) |
| $TNU_t$ | - | трошок за пренос на електрична енергија во годината *t*, (MKD) |
| $DNU_t$ | | трошок за дистрибуција на електрична енергија во годината *t*, (MKD) |

### 4. Фактор на корекција

Факторот на корекција за годината *t*, се пресметува со примена на следната формула:

$$K_t = (R_{t-2} - MARK_{t-2}) \cdot (1 + ir_{t-1}/100) \cdot (1 + ir_{t-2}/100)$$

каде што:

$R_{t-2}$ - остварен приход на универзалниот снабдувач во годината *t* - 2, (MKD)

$MARK_{t-2}$ - максимално дозволен приход на универзалниот снабдувач за годината *t*–2, (MKD) пресметан врз основа на реализираните трошоци во годината *t*–2 за:

- набавка на електрична енергија за потребите на универзалниот снабдувач,
- пренесени трошоци,
- маржа утврдена за годината *t*–2

$ir_{t-1}$ - просечна пасивна каматна стапка објавена од Народна банка на Република Северна Македонија за годината *t*–1, (%).

$ir_{t-2}$ - просечна пасивна каматна стапка објавена од Народна банка на Република Северна Македонија за годината *t*–2, (%).

Со цел да се избегнат ценовни шокови, Регулаторната комисија за енергетика може да го распредели факторот на корекција во повеќе години.

**5. Просечна цена**

Просечната цена (изразена во MKD/kWh) по која универзалниот снабдувач треба да ја продава електричната енергија се пресметува според следнава формула:

$$\text{Цена}_{\text{УС}} = \frac{MAR_t}{Q_t}$$

каде што $Q_t$ се прогнозирани количини на електрична енергија за потрошувачите во годината *t*.

**ПРИЛОГ 3**

**Изјава за веродостојност на поднесените податоци**

И З Ј А В А

Од одговорното лице на Универзалниот снабдувач

(Назив на универзалниот снабдувач)

Изјавувам под кривична, материјална и морална одговорност дека материјалите и финансиските податоци, доставени до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а кои се однесуваат на Универзалниот снабдувач, се точни и веродостојни и во целост одговараат на фактичката состојба на Универзалниот снабдувач.

Датум　　　　　　　　Одговорно лице овластено за претставување и застапување

**ПРИЛОГ 4**

## 1. Цена на снабдувачот во краен случај

Цената по која снабдувачот во краен случај ги снабдува големите потрошувачи кои останале без снабдувач со електрична енергија се пресметува со примена на следнава формула:

$$C_m = 1{,}4 \cdot C_{m,\mathrm{MEMO}}$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| $C_m$ | - | Цена по која снабдувачот во краен случај ги снабдува големите потрошувачи кои останале без снабдувач со електрична енергија во месецот $m$, MKD/MWh |
| $C_{m,\mathrm{MEMO}}$ | - | цена за електрична енергија на пазарот „ден однапред“ на организираниот пазар на електрична енергија на Република Северна Македонија за секој час од месецот за кој се однесува пресметката, ден/MWh. |

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 8, а во врска со член 29 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 236/22), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: РКЕ) пристапи кон изработка на предлог Тарифен систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај.

Предлог Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај беше предмет на разгледување на подготвителната седница која се одржа врз основа на Решение со арх.бр. 02-2357/1 од 10.11.2023 година со почеток во 12:00 часот, во просториите на РКЕ.

На подготвителната седница присуствуваа членови и вработени во РКЕ како и пресстваници на ЕВН Македонија, Електродистрибуција ДООЕЛ-Скопје, МЕМО Дооел Скопје, ЕСМ Енергетика.

Во однос на предлог тарифиниот систем, присутните немаа забелешки.

Со овој предлог Тарифен систем се уредуваат елементите за пресметка на продажните цени за електрична енергија од страна на универзалниот снабдувач, начинот на пресметка на продажната цена за електричната енергија на потрошувачите коишто ги снабдува снабдувачот во краен случај, како и начинот на фактурирање на надоместоците за користење на преносниот и дистрибутивниот систем за потрошувачите снабдувани од универзалниот снабдувач, утврдени во согласност со соодветниот Тарифен систем за дистрибуција на електрична енергија.

Имајќи го во предвид горенаведеното РКЕ на 17 ноември 2023 година, пристапи кон донесување на овој тарифен систем.